ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**Крива Паланка 30.04.2020 год.**

# ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАН СОСТАНОК НА ШТАБОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Состанокот се одржа на ден 30.04.2020 година во 12:00 часот во Кабинетот на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, а истиот беше свикан на иницијатива на Градоначалникот на Општина Крива Паланка Борјанчо Мицевски.

На состанокот беа присутни:

- Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**
- Командантот на Штабот **Изабела Павловска**
- Началникот на Штабот **Стојадин Гоговски**
- Заменик на Началникот на Штабот **Мартин Николовски**
- Началник на ОВР Крива Паланка **Игор Илиевски**
- Претставник на ОО на Црвен Крст Крива Паланка **Дарко Пешовски**
- Претставник на Дирекцијата за заштита и спасување **Зоки Павловски**

На состанокот беа дискутирани превентивните мерки и чекори кои треба да бидат преземени, а во согласност со заклучоците, мерките и препораките усвоени од Владата на Република Северна Македонија, во врска со потребата од преземање на мерки и активности за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус).

По исцрпената дискусија и дадените известувања, согледувања и предлози од страна на членовите на Штабот и другите присутни лица беа донесени следните заклучоци:

**1. - Доследно и одговорно да се почитуваат сите заклучоци, мерки и препораки на Владата на Република Северна Македонија, но и заклучоците и препораките на Штабот за заштита и спасување на Општина Крива Паланка за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус), а пред се во однос на обврските на сите граѓани на територијата на Општина Крива Паланка за задолжително носење на заштитна опрема, односно заштитни маски и тоа и на отворен простор и во затворен простор при посета на деловни субјекти, државни или локални институции, задолжително носење на заштитни маски од страна на сите вработени во деловните субјекти кои испорачуваат услуги на граѓаните преку непосреден контакт, за целото времетраење на нивното работно време во работните простории, како и задолжително носење на заштитни маски од страна на сите вработени во државни и локални**

**институции, подрачни служби на органите на државната управа, јавните претпријатија и агенции за времетраењето на нивното работно време во работните простории.**

**2. - ОВР Крива Паланка во претстојниот период од 01.05.2020 година до 04.05.2020 година, да спроведува интензивна контрола на сите излетнички места заради превенција од групирање на повеќе граѓани на мал отворен и затворен простор, со изрекување на соодветни мерки и санкции за сите лица кои ќе ги нарушуваат мерките на Владата во врска со овие ограничувања.**

**3. - Зелениот пазар во Крива Паланка ќе биде отворен и ќе работи во Сабота (02.05.2020 година) во период од 7,оо до 13,оо часот, со задолжително почитување на сите безбедносни мерки и протоколи од страна на сите присутни лица во пазаришниот простор (продавачи, купувачи, редари или службени лица за одржување и обезбедување на пазарот).**

**4. - Општина Крива Паланка во соработка со ОО Црвен Крст Крива Паланка на ден 30.04.2020 година (Петок) спроведе акција преку мобилните волонтерски тимови, а во соработка со претставници на Советот на млади при Општина Крива Паланка и комуналните редари вработени во Општина Крива Паланка, на повеќе пунктови во Градот, за дистрибуција на околу 550 броја на заштитни маски на граѓаните на Општина Крива Паланка.**

**5. - Во врска со пристигнати барања од физички лица за движење во време на забрана, од страна на Општинскиот Кризен Штаб беа разгледани сите пристигнати барања и по исцрпната анализа и дискусија по однос на аргументите за оправданоста на истите, беше одлучено да биде дадена препорака до сите физички лица кои имаат потреба да се движат заради реализација на потребите кои се предмет на нивните барања, тоа да го прават во периодите на слободно движење, односно секој ден во период од 05.оо до 14.оо часот.**

**6. - Во врска со пристигнати барања од правни лица за движење во време на забрана, од страна на Општинскиот Кризен Штаб беа разгледани сите пристигнати барања и по исцрпната анализа и дискусија по однос на аргументите за оправданоста на истите, беше одлучено да бидат одобрени 4 (четири) барања од правни лица, за движење во време на забрана на вработени лица во истите, заради вршење на неодложни работи, кои се предмет на нивниот делокруг на работа.**

**Списокот со одобрени нови барања е во прилог на овој Записник и истиот е интегрален составен дел на Записникот.**

Состанокот заврши во 12:30 часот.

**Крива Паланка 30.04.2020 година**

**Записникот го изготви Мартин Николовски – Заменик Началник на Штабот за заштита и спасување**

**ОПШТИНСКИ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ КРИВА ПАЛАНКА**